**Република Македонија**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**
**С К О П Ј Е**

# ПОКАНА ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ ПОНУДА

Договорниот орган: Министерството за финансии на Република Македонија, со седиште на ул: "Даме Груев", бр. 14 - Скопје, лица за контакт: Дејан Николовски, тел: (02)3106-381, електронска адреса dejan.nikolovksi@finance.gov.mk или Иванка Нацева тел: (02)3106-129, факс: (02)3122-148, електронска адреса: ivanka.naceva@finance.gov.mk има потреба од набавка на автомобилски гуми.

За таа цел, договорниот орган: Министерството за финансии спроведува постапка за доделување на договор за јавна набавка со барање за прибирање на понуди со претходно објавување на оглас согласно со член 100, став 1, алинеја 2 од Законот за јавните набавки ("Службен весник на Република Македонија", бр. 136/2007 и бр.130/2008).

Ги покануваме заинтересираните економски оператори да ни достават понуда за горенаведениот предмет за јавна набавка најдоцна до **07.07.2009 година, до 12 часот,** по пошта или лично со поднесување во архивата на Министерството за финансии.

Кон оваа покана е приложена тендерска документација која ги содржи сите информации кои можат да помогнат за изработка на понудата. Молиме, при изготвувањето на понудата економските оператори да ги користат оригиналните обрасци кои се составен дел на тендерската документација.

Тендерската документација може да се подигне бесплатно во зградата на "Техномотал-Вардар", 5 кат, соба бр.513. Исто така, тендерската документација може да ви ја доставиме по електронски пат со претходно доставено барање на една од горенаведените е-меил адреси.

Тендерските документи се достапни на македонски јазик.

Евентуални прашања или барања на појаснувања во врска со тендерската документација можат да се доставуваат на горенаведените електронски адреси. Сите одговори на поставените прашања или дадените појаснувања, без да се идентификува економскиот оператор што поставил прашање или побарал појаснување, ќе бидат доставени на сите економски оператори што подигнале тендерска документација.

За евентуалните измени на тендерската документација ќе бидат известени сите економски оператори кои подигнале тендерска документација.

Отворањето на понудите ќе биде јавно и ќе се изврши на **07.07.2009 година** во **12,00 часот**, во просториите на Министерството за финансии, ул. „Даме Груев" - 14, Скопје.

Заедно со понудата задолжително се доставува банкарска гаранција за учество во износ од 3% од вкупната вредност на понудата.

**Скопје, јуни 2009 година**

**Комисија за спроведување на постапка за јавна набавка**
**Претседател,**
**Дејан Николовски**